# ПОРТФОЛИО

## ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД ЕКВИНОКС СКАУТ ШТИП

2025

1
2
3
4
5
6

# ИО ЕКВИНОКС

## Кои сме ние?

Здружение Извиднички Одред ЕКВИНОКС – Штип е доброволно, неполитичко, воспитно и самостојно здружение на граѓани за деца и млади, предвидено за сите, без разлика на нивната верска, национална, етничка, полова и расна припадност. ИО Еквинокс е младинска организација. Одредот своите цели, активности, мисии ги извршува во согласност со уставот на Република Македонија, законите, Статутот на Сојузот на извидници на Република Македонија и останатите позитивно – правни прописи, како и со мисијата, целта, начелата и методите на Сојуз на Извидници на Македонија (СИМ) и светската организација на извидничкото движење (WOSM).

## Што правиме?

Нашиот одред организира разни состаноци, работилници и теренски активности што ги поттикнуваат младите на личен развој и соработка. Членовите развиваат лидерски способности, карактер и практични вештини, истовремено истражувајќи го градот и запознавајќи ја заедницата. Нашата програма ги подготвува за активна улога во локалните и националните младински процеси. Годишно реализираме околу 400 работилници и неделни состаноци на територија на Општина Штип.

# Извиднички Пат:

## Што нѐ води и што сакаме да постигнеме

1

2

3

4

5

6

### Мисија

Мисијата на одредот е да придонесе во образованието на младите луѓе низ систем на вредности засновани врз Извидничкиот Завет и Закони, да помогне во изградба на подобар свет каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството.






### Цел

ЦЕЛТА на одредот е да придонесува во развојот на младите луѓе, во достигнувањето на нивните потполни физички, интелектуални, општествени и духовни можности како поединци, како одговорни граѓани и како членови на нивните локални и национални заедници, како и меѓународната заедница.

# Извиднички принципи

Во Извидничкиот Одред „Еквинокс“ се водиме според три основни животни принципи,
кои нѐ насочуваат како млади луѓе и како извидници:

1
2
3
4
5
6

## Обврска кон духовниот развој

Секој извидник се стреми кон развој на своите лични вредности. Го негува внатрешниот раст, развива почит, чесност, љубезност и самопочит. Веруваме дека духовниот развој значи постојан напор за да бидеме подобри личности, кои се одговорни за своето мислење, дејства и одлуки.

## Обврска кон себе

Секој извидник е одговорен за својот личен развој. Го развиваме својот карактер, учиме нови вештини и се стремиме да бидеме позитивни, храбри и одговорни личности. Преземаме одговорност за своите дејства и се грижиме за своето тело, ум и дух.



## Обврска кон другите

Како извидници, сме тука да помагаме и почитуваме различностите. Ние сме лојални кон заедницата и се залагаме за мир, разбирателство и соработка. Ги почитуваме сите луѓе, без разлика на вера, нација или уверувања. Нашата цел е да бидеме солидарни и да изградиме поразлични и праведни заедници.

1
2
3
4
5
6

# Програма







Програмата на одредот се темели на неделни состаноци исполнети со активности што ги поттикнуваат младите на учење, тимска работа и истражување. На состаноците, извидниците стекнуваат нови вештини за снаоѓање и ориентација во природа, учат за култури, традиции и историја, како и за природата и нејзиното зачувување. Преку игри, работилници и практични предизвици, тие развиваат лидерски способности, креативност и одговорност. Целта на програмата е младите да растат како активни, самостојни и општествено одговорни личности, подготвени да придонесат во својата заедница.

# Интернационални настани



Одредот активно учествува на интернационални настани и кампови ширум светот. Во 2025 бевме дел од извиднички настани во Црна Гора, Србија, Португалија, Јужна Кореја, Грција, Албанија и многу други земји. Преку овие учества разменивме вредни искуства, запознавме различни култури и традиции, и во најдобро светло ја претставивме и промовиравме нашата држава и нашиот град пред меѓународната заедница.



7. Смотра на Сојуз на извидници на Црна Гора во Грахово




Светски извиднички мут (World Scout MOOT) 2025 во Португалија



Green Belt Explorers – Learn it, Live it, Promote it



25. Светска извидничка смотра во Јужна Кореја

# Ви благодариме на вниманието



Со извиднички поздрав, ЗДРАВО!

1
2
3
4
5
6